# РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА СО НЕМОЖНОСТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА

**СООПШТЕНИЕ**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК го изразува своето огромно разочарување и незадоволство од институциите на системот, коишто на директен или индиректен начин влијаат врз неисполнување на договорот помеѓу МОН и СОНК за зголемување на платите во високообразовните институции, за 10% започнувајќи од јануарската плата 2020 година.

СОНК нема директно да го впери прстот во ниту една институција или поединец, меѓутоа нема да премолчи во изнесување на фактите коишто доведоа до ваква неповолна ситуација за вработените во високото образование и за нас како организација, која има надлежност и статутарна обврска да ги штити нивните интереси.

Непобитен е фактот дека министерството за образование и наука требаше да го реализира договореното зголемување на платите за 10% од јануари 2020 година. Доколку ова договорено зголемување не можело да се реализира заради законски или други пречки, МОН требаше најпрво да разговара и изнајде решение заедно со СОНК, како договарач со МОН, но, пред се и заради докажаната репрезентативност на национално ниво, во дејноста образование. Спротивно на ова, МОН бараше “решение” со ректорите на државните универзитети, при што изнајдоа “соломонско” решение во рамките на универзитетите да иницираат формирање на нов универзитетски синдикат, којшто би бил репрезентативен. Со тоа, би можеле да потпишат колективен договор на ниво на

работодавач, кој би содржел еден член, а тоа би било само за зголемување на платите од 10%. Срамно и недозволиво. Според СОНК, ваквиот начин на решавање на проблемот создаде дополнително нови проблеми, коишто укажуваат дека по потреба кога сакаат и како сакаат работодавачите можат да формираат синдикални организации, но, кога ќе заврши потреба можат да ги згаснат. Исто така, се покажа дека под притисок на академската власт, многу лесно, експедитивно и масовно можат да се формираат синдикати, што во практиката е сосема спротивно. Ваквите дејствија, според нас се спротивни и на нашите закони, но и на меѓународните конвенции, каде што многу децидно се укажува дека работодавачите не смеат да влијаат во организирањето и дејствувањето на синдикалните организации. Дејание без преседан, со елементи на кривична одговорност.

Решението за настанатиот проблем го понуди СОНК пред министерството за образование и наука. Во дел од универзитетите СОНК е репрезентативен синдикат, а во дел од универзитетите заедно со Независниот академски синдикат (НАкС) заеднички докажуваат репрезентативност и на тој начин во сите универзитети во Македонија имаше можност да се потпише колективен договор на ниво на работодавач. Во недостаток на грански Колективен договор, ова беше наједноставното решение. Но, очигледно дека оваа реална ситуација на некого не му одговараше и тврдоглаво се туркаше идејата за формирање на нов синдикат, што би бил под контрола на раководството на универзитетот, што по претходно дадено упатство и процедура успеа да формира синдикална организација, која патем кажано, до денес не успеа да се регистрира.

По жестоките јавни реакции на незадоволство на СОНК и НАкС, министерството за образование и ректорите донесоа одлука проблемот да се затвори со носење на законско решение, што доколку можело (а сметаме дека можело), требало да се стори уште кон крајот на декември 2019 год, за да се отпочне со примена со јануарската плата во 2020 година.

Но наместо тоа, денес сме соочени со неизвесноста на носење на

измени на Законот за плати, со оглед на скорашното распуштање на Парламентот, а со тоа и неможноста за зголемување на платите во високото образование. Не смееме да го заборавиме и фактот што СОНК и МОН во изминатиот период имаа одличен партнерски однос, но со нереализирање на веќе договореното, се нарушува воспоставената рамнотежа помеѓу двата социјални партнери.

Дали беше неопходно да се создаде овој проблем? По нас, не. Ова на никому не му оди во прилог, особено не на министерот за образование и наука, во период пред парламентарни избори. Не им беше потребно и на дел од ректорите, затоа што тие не смеат да даваат изјави дека на таков начин се ангажирале за подобрување на социјалниот статус на вработените. Јасно им е на сите дека СОНК го договори ова зголемување и не се коректни такви изјави со што некој сака да се "кити" со туѓи перја. Или пак, имаат потреба да се додворуваат пред своите вработени, на пример, можеби доаѓаат избори за Ректор во некој од универзитетите.

Навистина не би сакале да помислиме дека ова е некое смислено сценарио, со што ќе се купи одредено време, а со тоа и "мир" во пресрет на распуштање на Парламентот заради изборите, ќе се заштедат средства за најмалку половина година, се до конституирање на нов Парламент и Влада.

Сигурно има и наша вина во целата оваа приказна, но тоа ќе го оставиме на нашите органи да го анализираат и констатираат. Но, исто така, јасно е дека во овој период не сме во можност да ги примениме радикалните средства, затоа што практично нема (или не сака) кој да го смени законското решение или да потпише и објави Колективен договор.

Едно е јасно. Вработените во високообразовните институции се крајно разочарани од ваквиот однос на институциите. Овие вработени најмалку го заслужуваат тоа, вработените имаат убедливо најниски плати во регионот, а да не зборуваме за Европа. Но, исто така, јасно е дека, ваквата постапка кон нив

нема да биде заборавена и тие на свој сопствен начин ќе се оддолжат на оние кои, според нив, го направија ова.

**Претседател,**

**с.р. Јаким Неделков**

---

# Право на регрес за годишен одмор (К-15) – едно од прашањата за кои расправаше Регионалниот одбор на СОНК – Гостивар

Регионалниот одбор на СОНК – Гостивар на ден 31.01.2022 година (понеделник) ја одржа својата 1-ва седница, на која беа отворени прашања од сите дејности кои ги застапува СОНК.

На седницата, главен акцент беше ставен на големото незадоволство заради стагнација на платите во однос на големиот раст на цените за животните трошоци и опаѓање на животниот стандард. Исто така, беше дискутирано и за Заклучоците од седницата на Советот на СОНК и постапување по истите, а беше отворено прашањето и за начинот на функционирање на синдикалните организации, со цел зголемување на членството во истите.

За таа цел, беше усогласен ставот дека периодот што следи ќе

биде период на подигнување на правата на работниците, односно едукација и континуирана обука на членството во областа на синдикалната заштита, враќање на стекнатото право за регрес на годишен одмор, јубилејни награди и други додатоци на плата, продолжување на социјалниот дијалог со социјалните партнери, како и зајакнување на единството помеѓу членовите и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања.

---

# СОНК НА ПРВИОТ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПАРТНЕРИТЕ – УЧЕСНИЦИ ВО ERASMUS+ ПРОЕКТОТ YOUWELL

На 01.03.2023 година, во Софија, во рамките на Erasmus+ проектот (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901): Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School – YouWell, кој е финансиран од Европската унија, се одржа првиот работен состанок на сите партнери учесници во проектот.




Домаќин на состанокот беше Синдикатот за образование од Република Бугарија – Подкрепа, а освен СОНК, присутни беа и

Младинскиот центар за култура од Целје – Република Словенија, Тренинг центарот за обука од Брисел – Белгија и Националното училиште за менаџмент од Софија – Република Бугарија.






На работниот состанок, најнапред беа презентирани главните елементи на проектот: целите,  резултатите и временската рамка, потоа секој партнер накратко ја презентираше својата организација, но и мотивацијата да се приклучи на проектот, а се презентираа и главните активности и конкретни чекори што треба да се следат за реализација на проектот во наредните 20 месеци.






# СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ПОМЕЃУ СОНК И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## ОДРЖАНА ПРВАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК

По одржувањето на VI – от Конгрес на СОНК, Советот на СОНК , на 26-12-2015 година во Прилеп ја одржа својата прва седница , на која беа поканети да присуствуваат градоначалниците на Пелагонискиот регион, а кој синдикално го обединува Регионалниот одбор на СОНК – Прилеп и тоа : Марјан Ристески – градоначалник на општина Прилеп ; Ѓорги Дамчески – градоначалник на општина Крушево; Боше Милошевски – градоначалник на општина Долнени и Тони Заткоски – градоначалник на општина – Кривогаштани.

Градоначалниците откако го изразија своето задоволство за присуството на седницата на Советот на СОНК, недвојбено ја поздравија иницијативата за ваква средба, каде што ќе се отворат сите прашања што се во надлежлежност на единиците на локалната самоуправа во сите сегменти на образованието, науката и културата. Заедничка беше констатцијата дека имаат воспоставен коректен социјалниот дијалог и партнерство со претседателот и секретарот на регионалниот одбор на СОНК – Прилеп.

Беше отворено прашањето за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време, кое во овој Регион непречено се одвива, а во рамките на Законот за работни односи, како и условите за работа на вработените во дејностите што синдикално ги обединува СОНК , каде беше искажано задоволството за вложувањата на централаната и локалната власта во последните години , на ова поле.




Исто така, од страна на градоначалниците беше поздравена иницијативата, изразена преку ,,.Резолуцијата за измени во Законот за основно и Законот за средно образование во делот на бројот на ученици во паралелки'', прашање кое заради енормно намалување на наталитетот во државата, директно се одразува во делот на образованието и реално ќе создаде вишок на вработени во овие дејности.

Како издвоено прашање беше отворено прашањето по однос на трошоците за превоз на вработените во општината Долнени, за кое градоначалникот Боше Милошевски ја изрази својата подготвеност за изнаоѓање на решение и по однос на ова прашање.

Заедничка констатација и на членовите на Советот на СОНК , но и на Градоначалниците беше дека, вакви средби треба да се остварат и со сите единици на локална самоуправа и регионални одбори на СОНК, како и средби со истите  на ниво на региони. Исто така, беше констатирано дека за решавање на одредени прашања треба да се вклучат и Управниот одбор на ЗЕЛС и централната власт.

Во вториот дел на седницата беа отворени повеќе актуелни

прашања и договор за операционализација на Програмата за работа на СОНК, усвоена на VI-от Конгрес на СОНК, во која беа детектирани слабостите во досегашното работење на СОНК на сите нивоа, од синдикалните организации на СОНК, регионалните одбори , па се до органите на Советот на СОНК. За таа цел Советот на СОНК го договори и првиот чекор, со кој претседателите на синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, секој во рамките на своите надлежности ќе преземат активности за надминување на детектираните слабости.



Исто така беше договорено што е можно поитно да се имплементираат четирите Резолуции, усвоени на VI-от Конгрес на СОНК.

Советот на СОНК, врз основа на Статутот на СОНК , на седницата едногласно именува двајца потпретседатели на Советот на СОНК : **Димитар Стојановски** – досегашен потпретседател на Советот на СОНК и претседател на Регионалниот одбор на СОНК – Делчево и **Фатон Чиче** –претседател на Регионалниот одбор на СОНК – Чаир.

За генерален секретар на Советот на СОНК, во наредниот мандатен период, едногласно пофторно и беше дадена довербата

на **Весна Неделковска,** досегашниот генерален секретар на Советот на СОНК.

---

# ETUCE ДАВА СИЛНА ПОДРШКА НА РАБОТАТА НА СОНК

Директорот на европската Конфедерација на синдикати за образование – ETUCE, Сузан  Флокен, во посета на СОНК

**ETUCE ДАВА СИЛНА ПОДРШКА НА РАБОТАТА НА СОНК**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија беше домаќин на директорката на Конфедерацијата на синдикати за образование во Европа,    г-ѓа Сузан Флокен, со која одржа состанок во седиштетото на СОНК. На состанокот освен претседателите на Регионалните одбори на СОНК присуствуваа и претседателот на синдикатот за образование на Р. Албанија, Неврус Каптели и претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Благоја Ралповски.

Воведното обраќање го имаше претседателот на СОНК, г-дин Јаким Неделков, кој што изрази огромно задоволство од доаѓањето на овој, како што кажа, многу важен гостин за нас, од позиција на прв човек на европското семејство на синдикати за образование, кое брои над 11 милиони членови од вкупно 132 репрезентативни синдикати за образование во Европа.

Во своето обраќање, г-ѓа Сузан Флокен го потенцираше значењето на  Европската конфедерација на синдикатите за образование – ETUCE и големата улога во кроењето на образовните политики на ниво на Европа. Дополнително се задржа на  потребата да се

промовира квалитетното образование, да се инвестира повеќе во образованието и сл. Според неа, најважен од се е социјалниот дијалог помеѓу синдикатот и социјалните партнери на сите нивоа, но исто така дава и голема подршка на активностите на СОНК, кои што одат во правец на организирање и реализирање на протести, со што јавно се искажуваат ставовите и незадоволството на СОНК околу платите, социјалниот дијалог, реформите и т.н.

Како нејзин завршен став беше дека зад СОНК и неговата работа стојат над 11 милиони членови на Европските синдикати за образование. По неа се надоврза и претседателот на синдикатот за образование на Р. Албанија, кој што во кратки црти ја објасни ситуацијата во неговата држава. Тој особено нагласи дека мигрирањето на популацијата е сериозен проблем во Р. Албанија, бидејќи со тоа се намалува бројот на ученици во училиштата.

Во дискусијата учествуваа и претседателите на Регионалните одбори на СОНК, кои од синдикален аспект ги изнесоа своите ставови околу состојбите и проблемите на вработените во сите сфери на образованието. Од нивните обраќања можат да се издвојат неколку важни прашања, а тоа се: ниските плати во сите сфери на образованието и науката, заложбата на СОНК за поголемо учество во носење на нацрт текстови за законите за основно и средно образование, нацрт текст за Колективен договор за високо образование и наука, спроведување на реформи без негативни последици на вработените, како на пример евентуални технолошки вишоци и т.н.



По барање на СОНК, г-ѓа Сузан Флокен беше примена од министерот за образование и наука, г-дин Арбер Адеми, со кој разговараше за европските перспективи на образовниот систем во Македонија, социјалниот статус на вработените во образованието, законските решенија во однос на проблемите со наталитетот и миграција на семејства во европските држави, реформи во средното стручно образование и т.н., при што, на крајот од разговорите, министерот за образование и наука, претседателот на СОНК, директорот на ETUCE и претседателот на албанскиот синдикат за образование дадоа изјави за јавноста.

---

# СОНК СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ ДО ОПШТИНИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ КОВИД-19

**Почитуван/а г-дин/ѓа градоначалник,**

Од името на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Ви се обраќам со ова писмо со мое лично убедување дека ќе му посветите максимално внимание и дека во рамките на Вашите надлежности ќе постапите по него.

Имено, Вие како градоначалник и како Општина имате големи надлежности врз организирање на работата и воспитно-образовниот процес во училиштата од Вашата Општина, а особено во овој период на пандемија од смртоносниот вирус Ковид-19. Од таа причина, се обраќаме до Вас со упатување на неколку предлози од наша страна, со што сметаме дека ќе придонесеме заеднички во намалување на ризикот од ширење на заразата помеѓу вработените во училиштата и што е најважно, спречување на евентуални можни кобни последици.

1. Безусловно почитување на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, при што директорите на училиштата треба да изготват и спроведат Изјава за безбедност за секое работно место. Исто така, согласно овој закон, да се изработи Проценка на ризик на работните места, како и утврдување на Ковид возраст на вработените.
2. Како резултат од погоренаведеното, Ви предлагаме да извршите реорганизација на работниците и тоа:

-повозрасните работници и работниците кои имаат поголема Ковид возраст да се префрлат на работни места коишто ќе бидат со помала можност за физички контакт со други луѓе односно со помал ризик од зараза;

-работниците кои своите работни обврски можат да ги извршуваат по електронски пат од далечина, да им се дозволи тоа да го прават во домашни услови;

-на сите оние наставници, кои изведуваат настава од далечина од училишните простории,  доколку изразат желба тоа да го прават во домашни услови, со сопствен интернет, компјутер итн., тоа да им биде дозволено од страна на директорот;

-на оние наставници, коишто патуваат до училиштето со јавен градски превоз или групирани во приватни возила, каде што за жал нема соодветни услови за настава од далечина, по нивно барање да им се овозможи настава од далечина од дома;

-во паралелките каде што се изведува настава со физичко присуство, освен веќе пропишаните заштитни мерки и средства, да се користат и UV светилки кои што се докажани во стерилизација на просторот.

За дел од овие предложени конкретни мерки СОНК и МОН веќе разговараа и ги усогласија ставовите, а како резултат на тоа, од страна на Министерката за образование и наука, на 21.10.2020 година, беше упатено Известување до директорите на училиштата, со можност за организација и реорганизација на

воспитно-образовниот процес.

**Почитуван/а,**

Во услови на секојдневно  зголемен број на заразени и починати луѓе во државата, ова би бил наш заеднички скромен придонес во борбата за спречување од ширење на оваа опасна болест и од името на двете институции што ги претставуваме, како и според надлежностите што ги имаме, би биле пресреќни  доколку се превземат конкретните предложени заштитни мерки и со тоа, како општествено одговорни лица, би спасиле можеби и многу човечки животи.

**Со почит,**

**Претседател,**

**Јаким Неделков  с.р.**

---

# Потпишани Записници за трансформација на работен однос во Регион Гази Баба

Од почетокот на 2022 година, претседателот на Регионалниот одбор  на СОНК – Гази Баба, како член на Комисијата за трансформација на работни договори од определено на неопределено време, во основните училишта од неколку општини во Регион Гази Баба, има потпишано повеќе Записници за трансформација на работен однос. Комисијата за транформација, кадешто се одлучува по поднесените барања за трансформирање на работни договори, работи континуирано  во општините Гази Баба,

Петровец, Арачиново и Илинден. Според регионалниот претседател, решавањето на работниот статус на наставниците води кон задоволен наставен кадар и успешен образовен процес.

---

# Среќен Светски ден на учителите – Нека вашата креативност и посветеност продолжат да инспирираат

***„Ако треба да поставите некого на пиедестал,***

***поставете ги учителите.***

***Тие се херои на општеството.“***

***– Guy Kawasaki –***

---

# ЛЕГИТИМНА И НЕПОКОЛЕБЛИВА РЕАКЦИЈА НА СОНК ДОВЕДЕ ДО ТОА РЕМЕНСКИ ДА РЕТЕРИРА

( ГИ ОБЈАВУВАМЕ ИНТЕГРАЛНО ТЕКСТОВИТЕ ОД ИЗВЕСТУВАЊЕТО ОД МИНИСТЕРОТ РЕМЕНСКИ И ОДГОВОРОТ НА ИСТОТО ОД СОНК )

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

**Министерство за труд и социјална политика**

2. Вработените во градинките не смее да бидат предмет на уцени, закани и условувања да ја напуштаат својата работа предвреме за да присуствуваат на партиски активности. Секој кој ќе се дрзне да прави вакви притисоци ќе биде санкциониран согласно законите.

Барам ова известување, веднаш да се стави на увид и запознавање на членовите на СОНК, сите вработени во детските градинки со цел објективно информирање и избегнување на секаков вид манипулации.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**д-р Фросина Ташевска Ременски**


Господо Ременски,
Вие сте Министер
а НЕ закон и
КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР !
СОНК

СО НК
САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА
И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND
CULTURE REPUBLIC OF MACEDONIA
Бул. Кочо Рацин 72г, 1000 - СКОПЈЕ, ТЕЛ. 02 3165-129, ФАКС 3224-638

Бр. 0301-37/2
29-11-2016г.

До : г-ѓа Фросина Ременски

Министер за труд и социјална политика

**Предмет : Одговор на Ваше Известување**

**Почитувана г-ѓо Министер,**

Најпрво сакам да го изразам задоволството на членовите на СОНК од детските градинки, вклучително и моето, во врска со Вашето Известување дека го враќате работното време во детските градинки, согласно Законот за детска заштита и подзаконските акти и Колективниот договор за детска заштита, кој не го споменувате во Вашето Известување, се надевам како техничка грешка. Во контекст на ова ќе Ви укажам и на уште една грешка во точката 1 во Известувањето, со кое се изедначува должината на работното време на воспитувачите и негователите, што е спротивно со членот 67 , ставот 2 и ставот 3.

Целосно се согласуваме со Вашата констатација дека децата, родителите и вработените во детските градинки, не смеат да страдаат заради интереси на некоја политичка партија и токму од тие причини и беше реакцијата на СОНК за суспендирањето на одредби од Закон и Колективен договор, што за жал го направивте пред десетина дена.

Исто така, останува неодговорено прашањето, доколку е точна информацијата, дека само во една установа имало поединечен случај на кршење на обврските за работното време, како може да се изврши промена на работното време во сите градинки во државата и да се генерализира дека насекаде се такви состојбите.

Во целост го отфрламе делот од Известувањето дека активностите што СОНК ги превзема, со цел да се почитуваат Законот и Колективниот договор со кои се утврдени права, вклучително и обврски, биле поради намерата на власта за политички

предизборни цели. И токму заради доследните принципи што ги има СОНК во заштита на правата на членството, а во овој случај и на децата и на родителите, најпрво укажувавме со писмени обраќања до ресорот и до Вас лично и откако добивавме одговори кои не беа на законска основа, туку исклучиво на политичко-партиска со многу поочигледна намера за политички предизборни цели, по барање на огромното мнозинство на нашето членство најавивме радикални, но законски и легитимни средства за заштита на правата.

Почитувана г-ѓо Ременски, текстот од точката 2 од Известувањето најверојатно е по грешка упатено до мене и нашето членство, бидејќи целата содржина нема никаква допирна точка со СОНК. Ова се законски одредби и се однесуваат на политички партии, каде патем кажано Вие сте една од нив и тоа на потпретседателско место.

Исто така, не може од нас да барате и тоа ултимативно, веднаш да го ставиме на увид Вашето Известување пред нашето членсто, бидејќи ние сме самостојна организација и социјален партнер на МТСП и затоа речникот мора да биде соодветен на правниот статус што го има соговорникот во каква и да е комуникација.

На крајот, сакам да го искажам нашето убедување дека проблемот што настана со обидот за суспендирање на права утврдени со правни документи, секако дека е добро што дојде до надминување на истиот со враќање на важењето на законската регулатива, но сакаме да бидеме убедени дека од истиот ќе се извлече поука колку е сериозно кога се поаѓа само од силата на власта , а не од силата на правото.

**Со почит,**

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија 1 СКОПЈЕ

**Претседател**

**Јаким Неделков**



# СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСЕН: ТРПЕНИЕТО И КОРЕКТНОСТА НЕ СЕ БЕСКОНЕЧНИ

## СОВЕТОТ НА СОНК ВО ПРОШИРЕН СОСТАВ ГИ УСВОИ ДОКУМЕНТИТЕ ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕДОВНИ ИЗБОРИ

Советот на СОНК во проширен состав на 27-та редовна седница ги усвои документите за распишување на редовни избори во синдикалните организации на СОНК; Спогодбата со Министерството за култура и расправаше и за други тековни и актуелни прашања од активностите на СОНК.

После подолго време на непримерно напаѓање на СОНК, без никаков основ и аргументација од страна на Синдикатот кој се

јавува со скратено име МЕСО и тоа 10-тина години од неговото постоење исклучиво за да дава оценки што работи СОНК и во последните 2 месеци новоформираниот Наставнички пленум (не ни е јасно ама не ни е воопшто ниту битно) кога и каде се регистрирани за да можат да настапуваат пред јавноста како организирана група, Советот одлучи дека чашата е прелеана и крајно време е да има реакција од СОНК.



Веднаш стигна реакција од Наставничкиот пленум со нови напади, кои само ја потврдија оправданоста на Заклучоците на Советот на СОНК. Ги прашуваме само за неколку наведени тотално бесмислени, но за жал и невистини кои исто така ќе бидат предмет на судска постапка::

- Каде во текстот на документот од Советот од спомената седница го видоа името и презимето на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, бидејќи неколкупати во нивното писание го нападнаа, дека документот тој го донел и дека се тоа лични негови Констатации и Заклучоци;;
- Во кој документ и со што ќе ја докажат лагата дека плаќаат 1% членарина на СОНК од својата плата и дека со таков износ располагал претседателот на СОНК;
- Кои им се аргументите дека Спогодбата помеѓу СОНК и МОН не решила ниту едно од Барањата, кои биле причина за Генерален штрајк на СОНК; agment–>
- Потврдуваат дека најголемиот дел од таа група се членови

на СОНК и дека не вршеле никакви напади врз нашиот Синдикат, ама чисто од рекреативни побуди излегоа пред Министерството за образование и наука и токму таму да се занимаваат со Синдикатот, во кој како членови имаа и право, ама и обврска да предлагаат, да критикуваат, така како што е регулирано во Статутот – во синдикалните организации и во органите на СОНК на сите нивоа;

- Кој им го даде правото да се прогласат за супериорни во однос насите останати членови на СОНК… (цитиран дел од нивното обраќање во дел од медиумите на 5.04.2015 година) ….“Наставничкиот пленум се создаде како критичка маса, како движење, како иницијатива на членството на СОНК, незадоволно од одлуката и политиката на СОНК. Таму се најдобрите луѓе во образовниот процес- практичари кои имаат наставно теоретски широки познавања за метеријата. Тоа се учени и образовани луѓе – Доктори на науки и магистри, луѓе со интегритет и авторитет, луѓе со кредибилитет, кои кажаа јавно што не е добро во образовниот систем.”
- Иако има уште многу што да напишеме во врска со однесувањето на Наставничкиот пленум, на крај ќе им помогнеме да им кажеме дека автор на толку познатите стихови, кои сме сигурни дека и најслабите ученици знаат кој е, – “колку сме толку сме – токму сме“ не е големиот Коневски, туку исто така големиот Гане Тодоровски.

А што се однесува до големиот Блаже Коневски, СОНК повеќе од една деценија синдикално го “игра“-Тешкото и исто така со број кој сосема одговара на споменатите стихови на Гане Тодоровски (се надеваме ќе се сфати пораката на претходното).

**П.С.** Самите членови на СОНК нека оценат какво е однесувањето на овие “супериорни“ наставници и впрочем каде беа сите овие изминати 20 и повеќе години, а особено последните 10-тина, туку баш сега кога СОНК покрена толку важни прашања и истите тврдиме ги решава со надлежните во државата, сега се појавија и порачаа ….“дека биле …. “!!!

На следниот линк превземете го документот: Констатации и заклучоци